Никодиновски, Звонко - Комуникативни единици со заменките *што, нешто, ништо, сешто* во македонскиот јазик, *Македонскиот јазик - Извор на научни истражувања IX*, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков", Скопје, 2025, стр. 255-276.

811.163.3'367.626:821.163.3-84

Звонко Никодиновски
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје
Филолошки факултет „Блаже Конески" – Скопје
Скопје

КОМУНИКАТИВНИ ЕДИНИЦИ СО ЗАМЕНКИТЕ *ШТО, НЕШТО, НИШТО, СЕШТО* ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

Апстракт: Во трудот се проучени вкупно 262 комуникативни единици со заменките *што, нешто, ништо, сешто*, и тоа: 214 интерактивни единици, 16 пословици, 16 афоризми и 16 вицеви. Употребата на заменката *што* се јавува честопати во говорни интеракции во второ лице еднина, и при тоа таа се одликува со висок интензитет на искажување на негативен однос кон соговорникот (во вкупно 49 интерактивни единици). Во вкупниот број од 262 комуникативни единици, распределбата на единиците според вредносната оцена е следната: најбројни се комуникативните единици кои содржат негативна референтна и/или интеркомуникативна вредност (вкупно 163 единици), потоа следуваат единиците со позитивна референтна вредност (вкупно 60 единици) и на крај доаѓаат комуникативните единици кои содржат неодредена референтна вредност (вкупно 39 единици). Во некои единици од корпусот може да се сретнат истовремено и по две заменки, било исти или пак различни, и само еднаш се присутни три заменки истовремено.

Клучни зборови: комуникативни единици, заменките *што, нешто, ништо, сешто*, македонски јазик, семиолошка семантичка анализа.

§ 1. Целта на нашиот труд е да претставиме и анализираме одредени комуникативни единици со заменките *што, нешто, ништо* и *сешто* во македонскиот јазик. Овие заменки можат да вршат именска, придавска или прилошка функција во реченицата, а истовремено тие можат да се јавуваат во разни видови на комуникативни единици.

Комуникативните единици се такви говорни форми кои претставуваат изведување на одредено говорно дејство во рамките на говорната интеркомуникација (Никодиновски 2007: 68). Во овој труд ќе ја проучуваме употребата на заменките *што, нешто, ништо* и *сешто* во следните комуникативни единици во македонскиот јазик: **интерактивни единици, пословици, афоризми и вицеви.**

Во анализата на значенската страна на комуникативните единици ќе се служиме со поставките на семиолошката семантичка метода[1]: ќе утврдиме дали постои можност да извршиме семантичка тематска категоризација на единиците, од една

[1] За поставките на семиолошката семантичка метода пишуваме во трудовите цитирани во Користената литература.

страна, и нивна вредносна систематизација, од друга страна. Корпусот за истражувањето го сочинуваат комуникативни единици ексцерпирани од разни печатени и електронски речници, како толковни, така и специјализирани речници и зборници / книги / сајтови на пословици, на афоризми и на вицеви на македонски јазик.

1. ЗАМЕНКИТЕ *ШТО, НЕШТО, НИШТО, СЕШТО* ВО ИНТЕРАКТИВНИ ЕДИНИЦИ

Интерактивните единици се такви говорни единици кои се јавуваат во говорната интеракција (или во нејзините изведени форми) меѓу говорникот и соговорникот.

§ 2. Заменката ***ШТО*** може да врши именска, придавска или прилошка функција во реченицата, а истовремено таа може да се јави во разни интерактивни единици. Во таа смисла, заменката *што* може да се јави во формално прашални форми, но кои се одликуваат со висок интензитет на искажување на негативен однос кон соговоронкот:

(1) (интер.) (-) [2] ***Што!*** = Одзив од страна на говорникот на повикување од соговорникот. Употребата на *што* во функција на одзив на повикување спаѓа во фамилијарниот па дури и во жаргонскиот стил на зборување, така што понекогаш може да се јави и негативен одговор на соговорникот кон таквото говорење, што можеме да го видиме во следните два примера: (2) (интер.) (-) ***Што? – Штокче (ја) на рокче!*** = Одзив од страна на соговорникот со груб тон на грубо повикување од говорникот и груб одговор на тој одзив.; (3) (интер.) (-) ***Што? – Штокнал ја јукнал!*** = Одзив од страна на соговорникот со груб тон на грубо повикување од говорникот и груб одговор на тој одзив.; (4) (интер.) (-) ***Што-о-о!*** (Со зачудувачка интонација и со издолжено *о*) = Изразување на неверување во она што е кажано.; (5) (интер.) (-) ***Што?!*** (со прашално-зачудувачка отсечна интонација) = Изразување на несогласување и на одбивање на изреченото.; (6) (интер.) (-) ***Што, што!*** = (Со прашално-зачудувачка отсечна интонација со повторување на *што*) Изразување на многу силно несогласување и на силно одбивање на изреченото.

Додека во првите три примери (1, 2 и 3) како претпоставени глаголи на заменката *што* се јавуваат глаголите *вика* (*Што* ме викаш?) или *сака* (*Што* сакаш?), во наредните три примери (4, 5 и 6) како претпоставени глаголи се јавуваат глаголите *рече, кажа* кои се однесуваат на искажаната содржина на говорното дејствие.

Од гледна точка на граматичкото лице кое е употребено во интерактивната единица, сите нив можеме да ги поделиме во четири групи: 1. Интерактивни единици во второ лице 2. Интерактивни единици во прво лице 3. Интерактивни единици

[2] Со знаците (+), (-) (+-) поставени пред говорните единици ги означуваме во овој труд позитивната, негативната и неодредената вредносна оцена (референтна и интеркомуникативна вредност).

со истовремена употреба на заменки од второ и прво лице и 4. Интерактивни единици во трето лице.

1.1. Интерактивни единици со *ШТО* во второ лице

§ 3. (7) (интер.) (+-) *Ај што збориш! Аман бе што збориш?* = Изразување заинтригираност од страна на говорникот во поглед на кажаното од страна на соговорникот.; (8) (интер.) (+) *Еееј, што ќе се најиеш за муабетов?* = Изразување благодарност од страна на говорникот до соговорникот за разговорот.; (9) (интер.) (+) *Знаеш што.* = **Упатување** повик до соговорникот да внимава на зборовите што ќе ги каже говорникот.; (10) (интер.) (-) *Што си чул, не си чул.* = Изразување уверување од страна на говорникот дека соговорникот треба да молчи, а во спротивност може да настрада.; (11) (интер.) (+-) *Што имаш ти да кажеш?* = Поставување прашање од страна на говорникот за тоа што ќе каже соговорникот во своја одбрана.; (12) (интер.) (-) *Што сакаш бе?* = Поставување прашање од говорникот до соговорникот во врска со неговата радразнетост.; (13) (интер.) (+) *Што ќе речеш стиіса речи шеќер!* = Повикување од страна на говорникот до соговорникот да каже добар збор.; (14) (интер.) (+-) *Што береш гајле?* = Изразување став од страна на говорникот дека соговорникот не треба да се грижи.; (15) (интер.) (+-) *Што ти паѓна на ум (памет)?* = Поставување прашање од страна на говорникот до соговорникот за тоа зошто нешто кажал.; (16) (интер.) (-) *Што не си ја чукнеш пиперката (тиквата)!* = Повикување од страна на говорникот до соговорникот да размисли добро што прави.; (17) (интер.) (-) *Што бе што!* = Изразување спротивставување од страна на говорникот на тоа што е кажано од соговорникот.; (18) (интер.) (-) *Шо стори, бе?* = Изразување запрепастеност од страна на говорникот за тоа што го сторил соговорникот.; (19) (интер.) (+-) *Дај што ќе фадеш.* = Изразување став од страна на говорникот дека ќе прифати сè што ќе му понуди соговорникот во врска со нешто.; (20) (интер.) (-) *Да знаеш што те чека?* = Изразување став од страна на говорникот дека соговорникот треба да очекува тешки денови во иднината.; (21) (интер.) (+-) *Што збориш бе? Што зборуваш?!* = Изразување чудење од страна на говорникот на нечие кажување.; (22) (интер.) (+-) *Што знаеш.* = Изразување став од страна на говорникот дека нешто е можно.; (23) (интер.) (+-) *Шо ќе каеш фуѓо?* = Поставување прашање од страна на говорникот кон соговорникот дали има да каже уште нешто друго.; (24) (интер.) (-) *Што мислеше да постигнеш?* = Изразување незадоволство од страна на говорникот во врска со тоа што го кажал или направил соговорникот.; (25) (интер.) (-) *Што му ја мислиш?* = Изразување прашање од страна на говорникот до соговорникот за неговата неодлучност.; (26) (интер.) (-) *Што му се мислиш?* = Упатување повик од страна на говорникот кон соговорникот да направи некое дејствие.; (27) (интер.) (-) *Шо ти е, бе тебе?* = Поставување прашање од страна на говорникот до соговорникот во врска со неговата

радразнетост.; (28) (интер.) (-) ***Што*** *најраи, бе?* = Изразување чудење од страна на говорникот за нешто што го направил соговорникот.;

(29) (интер.) (-) ***Што*** *се вртиш како ѝрдеж в ѓаќи!* = (вулг.) Префрлување од страна на говорникот кон соговорникот за тоа дека не работи ништо корисно, за тоа дека денгуби.; (30) (интер.) (-) ***Што*** *се замислуваш?* = Префрлување од страна на говорникот кон соговорникот за неговата дрскост во искажувањето.; (31) (интер.) (-) ***Што*** *си зинал, бе?* = Изразување прекор од страна на говорникот кон соговорникот за неговото втренчено загледување во говорникот.; (32) (интер.) (-) ***Што*** *мрчиш?* = Изразување омаловажувачки став од страна на говорникот кон говорењето на соговорникот.; (33) (интер.) (-) ***Што*** *се кезиш?* = Изразување омаловажувачки став од страна на говорникот кон смеењето на соговорникот.; (34) (интер.) (-) ***Што*** *бунцаш?* = Изразување омаловажувачки став од страна на говорникот кон говорењето на соговорникот.; (35) (интер.) (-) ***Што*** *ѕрнѕаш?* = Изразување омаловажувачки став од страна на говорникот кон говорењето на соговорникот.; (36) (интер.) (-) ***Што*** *викаш/врескаш?* = Изразување омаловажувачки став од страна на говорникот кон гласното говорење на соговорникот.; (37) (интер.) (-) ***Што*** *се цериш?* = Изразување омаловажувачки став од страна на говорникот кон смеењето на соговорникот.; (38) (интер.) (-) ***Што*** *се кикоѝиш?* = Изразување омаловажувачки став од страна на говорникот кон смеењето на соговорникот.; (39) (интер.) (-) ***Што*** *се ѝрчиш ?* = Изразување омаловажувачки став од страна на говорникот кон самонадуеноста на соговорникот.; (40) (интер.) (-) ***Што*** *се ѝравиш на уѕрен?/на Тошо?* = Изразување став од страна на говорникот за тоа дека соговорникот глуми кобајаги претходно кажаното не се однесува за него.; (41) (интер.) (-) ***Што*** *си зайнал?* = Поставување прашање од страна на говорникот кон соговорникот за тоа зошто инсистира во врска со нешто.; (42) (интер.) (-) ***Што*** *си ѝраиш барјам на умоѝ?* = Изразување негативен став од страна на говорникот дека соговорникот бадијала обмислува во врска со нешто.;

(43) (интер.) (-) ***Што*** *знаеш бе ѝи?* = Изразување став од страна на говорникот дека соговорникот ништо не знае за одредена работа.; (44) (интер.) (-) ***Што*** *има ѝи ѕа мислиш?* = Изразување негативен став од страна на говорникот дека мислењето на соговорникот не вреди ништо.; (45) (интер.) (+) ***Што*** *се секираш?* = Изразување став на поддршка од страна на говорникот кон соговорникот дека тој не треба да се секира.; (46) (интер.) (-) ***Што*** *ми изнакажа!* = Изразување став од страна на говорникот дека воопшто не верува во зборовите на соговорникот.; (47) (интер.) (-) *Ииии сѝварно,* ***што*** *збориш!* = Иронично изразување од страна на говорникот дека наводно е фрапиран од кажаното на соговорникот.; (48) (интер.) (-) ***Што*** *кур бараш?* = (вулг.) Изразување непријателски став од страна на говорникот кон однесувањето на соговорникот.; (49) (интер.) (-) ***Што*** *мајка бараш(е).* = Изразување став од страна на говорникот дека тоа што го направил соговорникот било

неповолно за самиот него.; (50) (интер.) (-) ***Што си зинал?*** = Префрлување од страна на говорникот кон соговорникот за тоа што настојчиво гледа во нешто или во некого.; (51) (интер.) (+-) ***Што се мачиш?*** = Изразување став од страна на говорникот дека тоа што го прави соговорникот е значајно, но можеби и не многу целисходно за него.; (52) (интер.) (-) ***Што го ебеш?*** = (вулг.) Иразување уверување од страна на говорникот до соговорникот дека не треба да се грижи за некого.; (53) (интер.) (-) ***Што гледаш, мечка оро не игра?*** = Изразување негативна реакција од страна на говорникот кон луѓе насобрани да видат што се случило.; (54) (интер.) (+-) ***Што ти е?*** = Изразување прашање од страна на говорникот кон соговорникот за неговото нерасположение.; (55) (интер.) (+) ***Што ќе честиш, а?*** = Изразување повик до соговорникот да чести за веста што му ја кажал говорникот.; (56) (интер.) (+) ***Шу прајш?*** = Упатување поздрав од страна на говорникот до познат соговорник.

Во оваа група на интерактивни единици во второ лице, која се состои од 51 единица (тука влегува и една единица од првиот параграф), најбројни се интерактивните единици со негативна референтна и/или интеркомуникативна вредност (вкупно 35 единици), потоа следат единиците со неодредена референтна и/или интеркомуникативна вредност (вкупно 10 единици) и на крај доаѓаат единиците со позитивна референтна и/или интеркомуникативна вредност (вкупно 6 единици).

1.2. Интерактивни единици со *ШТО* во прво лице

§ 4. (57) (интер.) (+) ***Што му најраив!*** = Изразување став од страна на говорникот дека некому му направил нешто многу лошо.; (58) (интер.) (+) ***Што имам јас со тоа?*** = Изразување став од страна на говорникот за тоа дека тој не е поврзан со тоа за што станува збор.; (59) (интер.) (-) ***Што ќе ми е.*** = Изразување став од страна на говорникот дека нешто не му треба.; (60) (интер.) (+-) ***Што ми беше зборот? Шо сакав?*** = Изразување став од страна на говорникот дека заборавил што сакал да каже.; (61) (интер.) (-) ***Што ми е гајле!*** = Изразување став од страна на говорникот дека нешто не го тревожи многу.; (62) (интер.) (+-) ***Што знам!*** = Изразување еден вид задршка пред да се каже нешто.; (63) (интер.) (-) ***Што ја правам?*** = Изразување на неодлучност и несигурност од страна на говорникот во врска со тоа како да се дејствува.; (64) (интер.) (-) ***Што кур ме боли /мене/?*** = (*вулг.*) Изразување став од страна на говорникот дека не му е воопшто грижа за нешто.

Оваа група на интерактивни единици во прво лице се єостои од 8 единици, меѓу кои најбројни се интерактивните единици со негативна референтна и/или интеркомуникативна вредност (вкупно 4 единици), додека единиците со позитивна и со неодредена референтна и/или интеркомуникативна вредност се застапени со по 2 единици.

1.3. Интерактивни единици со *ШТО* во прво и во второ лице истовремено

§ 5. (65) (интер.) (-) *Ти ќе ми кажеш* ***што*** *ја правам.* = Изразување спротивставување од страна на говорникот на настојчивото укажување на соговорникот за тоа што треба да прави говорникот.; (66) (интер.) (+) ***Што*** *ти реков, а?* = Изразување став од страна на говорникот дека тоа што му го рекол на соговорникот било вистина.; (67) (интер.) (+) ***Што*** *ја ти кажам.* = Изразување став од страна на говорникот кон соговорникот дека тој не може ништо повеќе да стори.; (68) (интер.) (-) ***Што*** *има ти мене ја ми кажеш?* = Изразување негативна реакција од страна на говорникот во однос на тоа што го кажал соговорникот.; (69) (интер.) (-) *Фала* ***што*** *ми кажа не знаев!* = Изразување подбив од страна на говорникот за тоа дека соговорникот наводно кажал нешто ново што говорникот претходно не го знаел.; (70) (интер.) (-) *За* ***што*** *ме мислиш?* = Изразување незадоволство од страна на говорникот во врска со понижувачкиот однос на соговорникот кон говорникот.; (71) (интер.) (-) ***Што*** *ми можеш?* = Изразување став од страна на говорникот дека соговорникот не е во состојба нешто да му направи на говорникот.; (72) (интер.) (-) ***Што*** *и ја кажам ќе згрешам.* = Изразување став од страна на говорникот дека нема зборови со кои може нешто да се искаже.; (73) (интер.) (-) *Да ти ебу све* ***што*** *си имаш!* = (вулг.) Изразување негативен однос од страна на говорникот кон соговорникот преку пцуење.; (74) (интер.) (-) *На* ***што*** *ти личам [јас на тебе]?* ***Што*** *ме мислиш ти мене?* = Иронично изразување од страна на говорникот дека воопшто не верува во зборовите на соговорникот.; (75) (интер.) (-) *Да не ми речеш мамо [ако не постапиш така како* ***што*** *ти велам]!* = Приговарање до синот/ќерката од страна на мајката во врска со нивното евентуално дејствување.; (76) (интер.) (+) *Сечи ме кај* ***што*** *сум најтанок.* = Изразување увереност од страна на говорникот во **вистинитоста на нешто.**; (77) (интер.) (+-) ***Што*** *ја ти кажувам!* = Изразување став на говорникот дека тоа за што зборува се јавува во голем интензитет.; (78) (интер.) (-) ***Што*** *ме гледаш така?* = Префрлување од страна на говорникот кон соговорникот за тоа што го гледа говорникот непријателски.; (79) (интер.) (-) ***Што*** *ти гледам памет!* = Изразување чудење и неодобрување од страна на говорникот за кажаното од страна на соговорникот.; (80) (интер.) (-) ***Шо*** *те ебам!* = (вулг.) Иразување негативен став од страна на говорникот кон реакциите на соговорникот.; (81) (интер.) (-) ***Шо*** *ја ти објаснувам коа си глуп!* = Изразување негативен став од страна на говорникот за ниската интелигенција на соговорникот.

Оваа група на интерактивни единици во прво и во второ лице истовремено, се состои од 17 единици, меѓу кои најбројни се интерактивните единици со негативна референтна и/или интеркомуникативна вредност (вкупно 13 единици), потоа следат единиците со позитивна референтна и/или интеркомуникативна вредност (вкупно 3 единици) и на крај се единиците со неодредена референтна и/или интеркомуникативна вредност (вкупно 1 единица).

1.4. Интерактивни единици со *ШТО* во трето лице

§ 6. (82) (интер.) (+) *Нема **што** нема.* = Изразување став од страна на говорникот дека во некое место има најразлични нешта.; (83) (интер.) (+) *Нема **што**.* = Изразување став од страна на говорникот со кој тој потврдува дека нешто е навистина така.; (84) (интер.) (+-) *Па **што**! **Што** ѓека!* = Изразување став од страна на говорникот дека тоа што го кажал соговорникот не го погодува многу.; (85) (интер.) (-) ***Што** не трпи/шета по/земјава!* = Изразување став од страна на говорникот дека на светот има и глупави луѓе.; (86) (интер.) (+-) *Тоа е **што** е. **Што** е, тоа/така е.* = Изразување став од страна на говорникот на резигнирано прифаќање на ситуацијата таква каква што е без можност да се промени.; (87) (интер.) (+-) ***Шотака?*** = Изразување реакција на љубопитност од страна на говорникот кон говорното или физичкото дејство на соговорникот.; (88) (интер.) (+-) ***Што*** + именка *ќе беше?* = Изразување чудење, воодушевување или неверување од страна на говорникот во врска со нешто.; (89) (интер.) (-) ***Што** ако!* = Изразување став на говорникот дека тоа што е кажано не го засега.; (90) (интер.) (+-) ***Што** ако* + *...?* = Изразување недоумица од страна на говорникот во врска со нешто.; (91) (интер.) (-) ***Шо** е?* = Изразување непријатен одговор од страна на говорникот по телефон кога се јавува некој со непријатен глас.; (92) (интер.) (+-) ***Што** е со?* = Поставување прашање од страна на говорникот до соговорникот да даде информации или мислење за нешто.; (93) (интер.) (+-) ***Што** е **што**.* = Изразување став на говорникот дека е тешко да се направи разлика меѓу две или повеќе нешта.; (94) (интер.) (-) ***Што** е?* = Поставување прашање од говорникот кон соговорникот за да дознае дали има некаков проблем.; (95) (интер.) (+) ***Што** има, **што** нема.* = Упатување поздрав од страна на говорникот до близок соговорник.; (96) (интер.) (-) ***Што** знае* +тој за*?* = Изразување став од страна на говорникот дека некој не знае ништо за темата за која станува збор.; (97) (интер.) (-) ***Што** има?* = Изразување негативна реакција од страна на говорникот за доаѓањето на соговорникот и за причините на тоа доаѓање.; (98) (интер.) (-) ***Што** му е?* = Изразување прашање и чудење од страна на говорникот за нечие однесување.; (99) (интер.) (+) *Добро **шо*** +... = Изразување одобрување од страна на говорникот во врска со нешто.; (100) (интер.) (-) *И (сеѓа) **шо?*** = Изразување од страна на говорникот на чувство на неодлучност.; (101) (интер.) (-) *Добро ѓе **шо** сеа?* = Поставување прашање од страна на говорникот кон соговорникот во врска со понатамошните чекори што треба да се преземат.; (102) (интер.) (-) *И **шо** ѓека?* = Изразување став од страна на говорникот дека соговорникот не може ништо да промени.; (103) (интер.) (-) ***Што** мустра е тој!* = Изразување негативен став од страна на говорникот за некој кој е предмет на говорното дејствие.; (104) (интер.) (-) ***Што** од тоа?* = Иразување став од страна на говорникот дека нешто нема важност за одредена работа.; (105) (интер.) (+-) ***Што** се случи?* = Изразување прашање од страна на говорникот кон соговорникот со цел да дознае што

се случило.; (106) (интер.) (+-) ***Што*** *со...?* = Поставување прашање од страна на говорникот до соговорникот во врска со нешто.; (107) (интер.) (-) ***Што*** *ти е + именка!* = Изразување вчудоневиденост од страна на говорникот од она што го означува именката, често со ирониј или подбив.; (108) (интер.) (+-) *А* ***што*** *тоа? **Што** било тоа?* = Поставување прашање од страна на говорникот за тоа што се случило.; (109) (интер.) (+-) *Ајде* ***што***... *Ај* ***што***... = Изразување став од страна на говорникот дека освен тоа што се случило има и нешто друго кое е уште поважно.;

(110) (интер.) (+-) *Боѓ да ми прости! // прости ми Боже! // Боже прости [****што*** *ќе речам]* = Изразување оправдување од страна на говорникот за тоа што ќе го каже.; (111) (интер.) (-) ***Што*** *има да зборува.* = Изразување став од страна на говорникот дека некој не треба да зборува.; (112) (интер.) (+) *Знае* ***што*** *зборува.* = Изразување став од страна на говорникот дека некој зборува паметно.; (113) (интер.) (-) *Не знае* ***што*** *зборува.* = Изразување став од страна на говорникот дека некој зборува глупости, бесмислици.; (114) (интер.) (+) ***Што*** *му е на мисла/срце тоа и на уста/јазик.* ***Што*** *му е на ум тоа на друм.* = Изразување став од страна на говорникот дека некој зборува искрено, дека зборува како што мисли.; (115) (интер.) (+-) *Кој за* ***што***, *тој за/баба за вретеното/.* = Изразување став од страна на говорникот дека некој се навраќа повторно на тоа што му е нему важно.; (116) (интер.) (-) *Го најика откај* ***што*** *излегол.* = Изразување став од страна на говорникот дека некој некого страшно искарал или го натепал.; (117) (интер.) (-) *Се чеша/драпа каде* ***што*** *не го јаде. Се чеша кај* ***што*** *не го јаде.* = 1. Изразување став од страна на говорникот дека некој зборува глупости. 2. Дека некој се меша во нешто што не е негова работа.; (118) (интер.) (+) *До* ***што*** *глас/ глуво го држи. Колку глас <****што****> има. Колку <****што****> го држи гласот. Колку* ***што*** *го носи гласот. Колку* ***што*** *му држи гласот.* = Изразување став од страна на говорникот дека некој вика најгласно што може.; (119) (интер.) (-) *Лаже колку* ***што*** *е долг и широк.* = Изразување став од страна на говорникот дека некој многу лаже.; (120) (интер.) (-) *Зборува* ***што*** *ќе му текне. Зборува* ***што*** *ќе му дојде/падне на јазикот.* = Изразување став од страна на говорникот дека некој зборува без да мисли, дека зборува глупости.; (121) (интер.) (+) ***Што*** *рекле старите.* ***Што*** *се рекло.* = Повикување од страна на говорникот на нешто (обично пословица) што се пренело од дамнешни времиња.; (122) (интер.) (+) ***Што*** *би се рекло.* = Повикување од страна на говорникот на општоприфатеното мислење.; (123) (интер.) (+) *Кај* ***што*** *плука не лиже.* = Изразување став од страна на говорникот дека некој си останува на она што го рекол, и не го менува решението.; (124) (интер.) (-) *Умре (умрела) Ѓупката/Циганката* ***што*** *те/го/ја фалеше (невестата).* = Изразување став со ироничен тон од страна на говорникот во однос на соговорникот или на некого што се фали сам или што го фалат неоправдано.; (125) (интер.)

(+) ***Што*** *рече не одрече.* = Изразување став од страна на говорникот за тоа дека си останал на своето, дека не се премислил.;

(126) (интер.) (-) ***Што*** *да правиш, тоа е...* = Изразување резигнираност од страна на говорникот во врска со неможноста да се промени ситуацијата.; (127) (интер.) (+) ***Што*** *се мора, се мора.* = Изразување став од страна на говорникот дека она што треба да се направи, ќе биде направено.; (128) (интер.) (-) *Кој* ***што*** *сака си прави.* = Изразување став од страна на говорникот дека владее целосно безредие.; (129) (интер.) (-) *Море* ***што*** *ѓавол е!* = Изразување став од страна на говорникот дека некој може да изненади негативно со своето однесување.; (130) (интер.) (+-) ***Што*** *сака нека биде.* ***Што*** *ќе биде нека биде.* = Изразување став од страна на говорникот дека му е сеедно што ќе се случи.; (131) (интер.) (-) *Во* ***што*** *е вицот?* = Поставување прашање од страна на говорникот во врска со тоа за што се работи.; (132) (интер.) (-) ***Што*** *од тоа?* = Поставување прашање од страна на говорникот за користа од нешто? (133) (интер.) (-) ***Што*** *пари се тоа ?* = Изразување став од страна на говорникот дека се работи за малку пари.; (134) (интер.) (+) ***Што*** *било, било.* = Повикување од страна на говорникот до соговорникот да ги заборават недоразбирањата.; (135) (интер.) (+-) ***Што*** *ти/ли не.* = Изразување став од страна на говорникот дека има многу различни работи поврзани или слични со претходно споменатите.; (136) (интер.) (-) *Затоа* ***што***. = Изразување одговор од страна на говорникот со отсечен тон на прашањето на соговорникот *Зошто?*, дека треба задолжително да го прифати ставот на говорникот.; (137) (интер.) (+-) *Како* ***што*** *го дал Бог.* = Изразување став од страна на говорникот дека некој е таков каков што е според своето битие.; (138) (интер.) (-) *Не е Бог знае* ***што***. = Изразување став од страна на говорникот дека нешто не е ништо особено, дека не вреди многу, но дека се поднесува.

Оваа група на интерактивни единици во трето лице е најбројна и таа брои 62 (тука влегуваат и 5 единици од првиот параграф). Меѓу сите тие единици најголем е бројот на интерактивни единици со негативна референтна и/или интеркомуникативна вредност (вкупно 33 единици), потоа следат единиците со неодредена референтна и/или интеркомуникативна вредност (вкупно 16 единици) и на крај се единиците со позитивна референтна и/или интеркомуникативна вредност (вкупно 13 единици).

§ 7. Неопределената заменка ***НЕШТО*** може да врши именска, придавска или прилошка функција во реченицата, а истовремено таа може да се јави во разни интерактивни единици.

Оваа заменка означува неодредена, неопределена, недефинирана количина од одредена целина или пак одредена неопределена целина. Во зависност од тоа каква е референтната вредност на целината, таква ќе биде и самата референтна вредност на делот.

Групата на интерактивни единици со заменката *нешто* брои вкупно 32 единици, меѓу кои најбројни се единиците со негативна референтна вредност (вкупно 19 интерактивни единици), потоа следат единиците со позитивна референтна вредност (вкупно 9 единици) и на крај се единиците со неодредена референтна вредност (вкупно 4 единици).

Ги наведуваме најпрвин интерактивните единици (вкупно 9) во кои *нешто* попримило позитивна референтна вредност:

Таков е случајот кога *нешто* се среќава најпрвин во контекст на биномно спротивставување со *некој*: (139) (интер.) (+) ***Некој и нешто!*** = Изразување став дека некој е важен или угледен.; а потоа и во следните случаи: (140) (интер.) (+) *Од него ќе биде* ***нешто.*** = Изразување став дека некој влева надеж дека ќе успее во животот.; (141) (интер.) (+) *Од* ***ништо нешто.*** = Изразување став дека една незначителна работа станала значителна.; (142) (интер.) (+) *Подобро* ***нешто*** *отколку* ***ништо.*** = Изразување став дека човек треба да е задоволен и со помалку.; (143) (интер.) (+) *Немало да се нема* ***нешто.*** = Изразување став дека некаде имало сè што требало.; (144) (интер.) (+) ***Нешто*** *посебно.* = Изразување став дека нешто се издвојува од другите и се смета за исклучително добро.; (145) (интер.) (+) *Стави* ***нешто*** *в уста.* = Изразување повик до некого да јаде нешто.; (146) (интер.) (+) *Барем* ***нешто.*** = Изразување став дека и малата количина од нешто е корисна.; (147) (интер.) (+) *Од сè по* ***нешто.*** = Изразување став дека се работи за збир од различни нешта.

Во поголем број на случаи, *нешто* влегува во негативен контекст што му придава негативна референтна вредност, како што е случајот со следните 19 интерактивни единици:

(148) (интер.) (-) *Кај си чул такво* ***нешто?*** = Изразување големо изненадување од страна на говорникот во врска со тоа што го кажал соговорникот.; (149) (интер.) (-) *Крои* ***нешто*** *во главата.* = Изразување став од страна на говорникот дека некој нешто подготвува, дека има некаков план.; (150) (интер.) (-) *Меѓу нив* ***нешто*** *пукнало.* = Изразување став од страна на говорникот дека одредени луѓе ги расипале односите меѓу себе.; (151) (интер.) (-) *Му се мати* ***нешто*** *во душата.* = Изразување став од страна на говорникот дека некој чувствува голема тага.; (152) (интер.) (-) ***Нешто*** *кажа,* ***нешто*** *излажа.* = Изразување став од страна на говорникот дека некој не кажал сè како што било.; (153) (интер.) (-) ***Нешто*** *ме буни.* = Изразување став дека говорникот чувствува дека нешто може да не биде баш како изгледа.; (154) (интер.) (-) ***Нешто*** *мајка.* = Изразување став од страна на говорникот дека некој прави некоја сплетка.; (155) (интер.) (-) *Прави* ***нешто*** *настрана.* = Изразување став од страна на говорникот дека некој прави нешто без знаење на друг.; (156) (интер.) (-) *Си завртe* ***нешто*** *во умот.* = Изразување став од страна на говорникот дека некој **наумил нешто да прави.:** (157)

(интер.) (-) *Му фали **нешто** во главата* = Изразување став дека некој има проблеми со својата интелигенција.; (158) (интер.) (-) ***Нешто** ме копка.* = Изразување став дека говорникот претчувствува нешто.; (159) (интер.) (-) ***Нешто** го мачи.* = Изразување став дека некој има одреден проблем.; (160) (интер.) (-) ***Нешто** се скисели.* = Изразување став дека некој одеднаш се онерасположил.; (161) (интер.) (-) ***Нешто** го стегна во градите.* = Изразување став дека некој почувствувал болка во градите.; (162) (интер.) (-) ***Нешто** не јаде.* = Изразување став дека некој нема апетит и дека можеби има причини за тоа.; (163) (интер.) (-) ***Нешто** не ми оди.* = Изразување став дека говорникот не се чувствува баш најдобро.; (164) (интер.) (-) ***Нешто** не го гледам во последно време.* = Изразување став дека некој не се појавува многу во јавноста и можеби има причини за тоа.; (165) (интер.) (-) ***Нешто** смрди.* = Изразување став дека говорникот насетува некоја нечесна работа.; (166) (интер.) (-) ***Нешто** (сосема) трето.* = Изразување став од страна на говорникот дека се работи за нешто сосем друго, сосем различно.; (167) (интер.) (-) *Го стегна **нешто** во грлото.* = Изразување став од страна на говорникот дека некој почувствувал болка, тага, страв.

И на крај доаѓаат случаите кога *нешто* влегува во состави во кои не претегнува ниту позитивниот ниту негативниот контекст, што им придава на единиците неодредена референтна вредност (вкупно 4 интерактивни единици):

(168) (интер.) (+-) ***Нешто** десетто.* = Изразување став од страна на говорникот дека се работи за нешто сосем друго, сосем различно.; (169) (интер.) (+-) ***Нешто** се мисли.* = Изразување став од страна на говорникот дека некој сè уште не се одлучил.; (170) (интер.) (+-) *Така **нешто**.* = Изразување став од страна на говорникот дека се работи за нешто слично.; (171) (интер.) (+-) *Има **нешто** во тоа.* = Изразување став од страна на говорникот дека има основа да се размислува во врска со нешто.

§ 8. Одречната заменка ***НИШТО*** може да врши именска или придавска функција во реченицата, а истовремено таа може да се јави во разни интерактивни единици.

Оваа заменка означува отсуство на која било количина од што било. Во зависност од тоа каква е референтната вредност на контекстот во кој влегува *ништо*, таква ќе биде и неговата референтна вредност.

Групата на интерактивни единици со заменката *ништо* брои вкупно 40 единици, меѓу кои најбројни се единиците со позитивна референтна вредност (вкупно 19 интерактивни единици), потоа следат единиците со негативна референтна вредност (вкупно 17 единици) и на крај се единиците со неодредена референтна вредност (вкупно 4 единици).

Ги наведуваме најпрвин интерактивните единици (вкупно 19) во кои *ништо* попримило позитивна референтна вредност:

(172) (интер.) (+) ***Ништо** не ми можеш!* = Изразување став од страна на говорникот дека соговорникот не може да направи ништо против говорникот.; (173) (интер.) (+) ***Ништо** полесно.* = Изразување став од страна на говорникот дека нешто е лесно да се научи или направи.; (174) (интер.) (+) ***Ништо** страшно.* = Изразување став од страна на говорникот дека тоа што се случило или што претстои не е ништо сериозно.; (175) (интер.) (+) ***Ништо** не му е.* = Изразување став од страна на говорникот дека некој не е повреден.; (176) (интер.) (+) ***Ништо** не ми е.* = Изразување став од страна на говорникот дека се чувствува добро.; (177) (интер.) (+) *Од* ***ништо** прави нешто.* = Изразување став од страна на говорникот дека некој прави нешто со скромни ресурси.; (178) (интер.) (+) *Нема* ***ништо** со тоа.* = Изразување став од страна на говорникот дека некој не е поврзан со нешто.; (179) (интер.) (+) *Сè уште* ***ништо** не си видел.; Ова не е* ***ништо**.* = Изразување став од страна на говорникот дека, без разлика колку импресивно нешто изгледа, тоа што следи далеку ќе го надмине.; (180) (интер.) (+) ***Ништо**.* = Изразување став од страна на говорникот дека соговорникот не треба многу да се вознемирува поради слученото.; (181) (интер.) (+) ***Ништо**.* = Упатување одговор на говорникот кон изразената благодарност од страна на соговорникот.; (182) (интер.) (+) *За* ***ништо** пари.* = Изразување став од страна на говорникот дека нешто се купило или продало за малку пари.; (183) (интер.) (+) *Не му останува* ***ништо** друго.* = Изразување став од страна на говорникот дека некој нема можност поинаку да постапи од тоа што го прави.; (184) (интер.) (+) *Нема* ***ништо** против.* = Изразување став од страна на говорникот дека некој е согласен.; (185) (интер.) (+) *За* ***ништо** на светов.* = Изразување став од страна на говорникот дека нешто не може да се случи во никој случај.; (186) (интер.) (+) *Како* ***ништо**.* = Изразување став од страна на говорникот дека нешто се случува без никаква тешкотија.; (187) (интер.) (+) ***Ништо** не може да му избега од окото.* = Изразување став од страна на говорникот дека некој сè забележува.; (188) (интер.) (+) ***Ништо** не остава на случајноста.* = Изразување став од страна на говорникот дека некој контролира одредена ситуација.; (189) (интер.) (+) *Не си куси од* ***ништо**.* = Изразување став од страна на говорникот дека некој не се воздржува од ништо.; (190) (интер.) (+) *Нема* ***ништо**.* = Изразување став од страна на говорникот дека ништо не се случило.

На второ место по бројност се интерактивните единици во кои *ништо* попримило негативна референтна вредност (вкупно 17 единици):

(191) (интер.) (-) *Никому* ***ништо**.* = Изразување став од страна на говорникот дека нешто се случило без да се најде виновникот или одговорниот за тоа.; (192) (интер.) (-) ***Ништо** не контам...* = Изразување став од страна на говорникот дека не може да разбере за што се работи.: (193) (интер.) (-) *Некој и* ***ништо**.* = Изразување став од страна на говорникот дека се работи за неважна личност.; (194) (интер.) (-) ***Ништо** од тоа.* = Изразување

став од страна на говорникот дека одредена работа нема да успее.; (195) (интер.) (-) *Од него **ништо** нема да биде.* = Изразување став од страна на говорникот дека некој не влева надеж и дека нема да успее во животот.; (196) (интер.) (-) *Не го бива за **ништо**. За **ништо** не е.* = Изразување став од страна на говорникот дека некој е неспособен.; (197) (интер.) (-) *Се прави како **ништо** да не слуша.* = Изразување став од страна на говорникот дека некој се преправа дека ништо не слуша.; (198) (интер.) (-) *Тоа **ништо** не чини.* = Изразување став од страна на говорникот дека нешто е безвредно.; (199) (интер.) (-) ***Ништо** не е исто.* = Изразување став од страна на говорникот дека веќе сè е изменето.; (200) (интер.) (-) *Не клава/става/тура **ништо** в уста.* = Изразување став од страна на говорникот дека некој не јаде ништо.; (201) (интер.) (-) *Нема **ништо** под капата.* = Изразување став од страна на говорникот дека некој е глупав.; (202) (интер.) (-) *Не може **ништо**.* = Изразување став од страна на говорникот дека некој е беспомошен.; (203) (интер.) (-) *Како **ништо** да не било.* = Изразување став од страна на говорникот дека нешто продолжува да се одвива како да не се случило тоа што се случило пред тоа.; (204) (интер.) (-) *Не чини **ништо**.* = Изразување став од страна на говорникот дека некој се чувствува многу лошо.; (205) (интер.) (-) *На **ништо** не личи.* = Изразување став од страна на говорникот дека некој или нешто изгледа лошо.; (206) (интер.) (-) *Без никаде **ништо**.* = Изразување став од страна на говорникот дека некој е без засолниште и без средства.; (207) (интер.) (-) *За **ништо** не чини.* = Изразување став од страна на говорникот дека некој или нешто нема никаква вредност.

И на трето место по бројност се интерактивните единици во кои *ништо* попримило неодредена (ни поизитивна ни негативн) референтна вредност (вкупно 4 единици):

(208) (интер.) (+-) *Не е без **ништо**.* = Изразување став од страна на говорникот дека некој поседува нешто.; (209) (интер.) (+-) ***Ништо** не се.* = Изразување став од страна на говорникот дека одредени луѓе не се во роднински односи.; (210) (интер.) (+-) *На сè или **ништо**.* = Изразување став од страна на говорникот дека некој влегува во некоја работа со голем ризик.; (211) (интер.) (+-) *Многу врева за **ништо**.* = Изразување став од страна на говорникот дека тоа што се случило е безначајна работа.;

§ 9. Општата заменка ***СЕШТО*** може да врши именска или придавска функција во реченицата, а истовремено таа може да се јави во разни интерактивни единици.

Оваа заменка означува присуство на сета количина од што било. Во зависност од тоа каква е референтната вредност на контекстот во кој влегува *сешто*, таква ќе биде и референтната вредност на заменката.

Групата на интерактивни единици со заменката *сешто* брои вкупно 3 единици, меѓу кои единиците со позитивна референтна вредност се вкупно 2 на број, потоа следи 1 интерактивна единица со негативна референтна вредност.

(212) (интер.) (+) *Пелцуван на сè и* ***сешто***. = Изразување став на говорникот дека некој е имун за сè, дека е наполно бесчувствен.; (213) (интер.) (+) *Сè и* ***сешто***. = Изразување став на говорникот дека има апсолутно сè.;

(214) (интер.) (-) *Народот зборува сè и* ***сешто***! = Изразување став на говорникот дека луѓето зборуваат работи кои не се за верување.

2. ЗАМЕНКИТЕ *ШТО, НЕШТО, НИШТО, СЕШТО* ВО ПОСЛОВИЦИ

§ 10. Најбројни комуникативни единици кои содржат некоја од горните заменки претставуваат пословиците. Во нашиот корпус евидентиравме над 900 пословици. Тука приведуваме по четири пословици со секоја од четирите заменки:

(215) (посл.) (-) *Куче* ***што*** *лае не каса.* = Изразување став на говорникот дека човек што многу зборува не е опасен.; (216) (посл.) (-) ***Што*** *донела вода, вода однела.* = Изразување став на говорникот дека како што нешто е стекнато така и ќе си отиде.; (217) (посл.) (+) *Откај* ***што*** *сака грнчарот оттаму ја клава (става, тура) рачката.* = Изразување став на говорникот дека оној што има сила работите ги решава како што сака тој.; (218) (посл.) (-) *И ноќта не знае* ***што*** *носи денот.* = Изразување став на говорникот дека никој не знае што ќе се случи ни во најблиската иднина.;

(219) (посл.) (+) *Подобро* ***нешто*** *отколку* ***ништо***. = Човек понекогаш треба да се задоволува и со малку.; (220) (посл.) (-) *Грео не ети* ***нешто*** *живо, ами јак го мачит чоекот.* = Секој човек што греши има и грижи на совеста.; (221) (посл.) (-) *Кога* ***нешто*** *нема, и царот не го јаде.* = Се вели како израз на помиреност во случаи кога **нешто** не може да се најде, човек ќе си помине без она што го нема.; (222) (посл.) (+-) *У секого има по* ***нешто*** *арно и по* ***нешто*** *лошо.* = Секој човек поседува добри и лоши особини.;

(223) (посл.) (-) *Нема* ***ништо*** *јабе.* = Изразување став од страна на говорникот дека ништо не е бадијала.; (224) (посл.) (-) *Со сила* ***ништо*** *не бидува.* = Со сила не може да се постигне ништо добро.; (225) (посл.) (-) *Од* ***ништо*** *глава не боли.* = Изразување став од страна на говорникот дека за сè што се случува постои причина.; (226) (посл.) (-) ***Ништо*** *не е сигурно.* = Изразување став од страна на говорникот дека е невозможно да се предвиди што ќе се случи во иднина.;

(227) (посл.) (+) *Имам брашно, имам* ***сешто***. = Изразување став од страна на говорникот дека човекот, кога има што му треба, може да направи многу нешта.; (228) (посл.) (-) *Поарно* ***сешто*** *да јадеш, одошто* ***сешто*** *да зборуваш.* = Изразување став од страна на говорникот дека човек треба да внимава што зборува.; (229) (посл.) (-) ***Сешто*** *бидуа, ама старцу моме не бидуат.* = Изразување став од страна на говорникот дека на стар човек не му прилега

да има млада жена.; (230) (посл.) (+-) *За **сешто** има билка, само ако ја знаеш.* = Изразување став од страна на говорникот дека за секоја болка и болест има веќе лек што треба да се најде.

Од вупно 16 пословици најбројни се оние во кои *сешто* се содржи со својата негативна референтна вредност (вкупно 11), на второ место се пословиците со позитивна референтна вредност (вкупно 3) и на трето место се пословиците со неодредена референтна вредност (вкупно 2).

3. ЗАМЕНКИТЕ *ШТО, НЕШТО, НИШТО, СЕШТО* ВО АФОРИЗМИ

§ 11. Во нашиот корпус евидентиравме бројни афоризми. Тука приведуваме по четири афоризми со секоја од четирите заменки:

(231) (афор.) (-) *Сите **што** треба да се во синџири, се во рамки.* (Бошко Смаќовски); (232) (афор.) (-) *Тој **што** се крсти во народот – раскрстил со крстот.* (Јован Алаѓозовски); (233) (афор.) (-) ***Што** ми вреди **што** сум на коњ кога ме јаваат како магаре.* (Јане Атанасов); (234) (афор.) (-) *Дури и најдобриот оровођец на светот мора да игра како **што** му - свират!* (Иван Карадак);

(235) (афор.) (-) *Атеистот, кога **нешто** го боли, Бога го моли.* (Стојан Киселиновски); (236) (афор.) (-) *Тој **што** знае дека не знае, сепак **нешто** знае!* (Ефтим Гашев); (237) (афор.) (-) *Конечно и ние направивме **нешто** за иднината на нашите млади. ѓи задолживме до ѓуша!* (Иван Карадак): (238) (афор.) (-) *Ако тврдите дека во животот не ви фали **ништо**, тогаш **нешто** мора да ви фали!* (Иван Карадак);

(239) (афор.) (-) *Јазикот навистина стана совршен, можеш цел живот да зборуваш, а да не кажеш **ништо**.* (Иван Карадак); (240) (афор.) (-) *Кога им рековме дека **ништо** не бараме, освен да нè остават мирно да живееме, нѝ одговорија – е многу бараше!* (Иван Карадак); (241) (афор.) (-) *Во нашата држава сите политичари се алхемичари. Кога дојдоа на власт, немаа **ништо**, а сега имаат сè.* (Божидар Пешев); (242) (афор.) (-) *Одговорни функции се оние функции на кои функционерите за **ништо** не - одговараат!* (Иван Карадак);

(243) (афор.) (+) *Пред да станам член на партија бев никој и **ништо**. Сега сум сè и **сешто**.* (Љупка Цветанова); (244) (афор.) (-) *Македонскиот народ покажува дека е еластичен! Попушта во сè и **сешто**.* (Ристо Филчевски); (245) (афор.) (-) *Народот после секое гласање почнува да се сомнева во видот!? На оние кои му ветуваа сè и **сешто**, очи не може да им види!* (Васил Толевски); (246) (афор.) (-) *Принудена да слуша сè и **сешто**, говорницата станала едноставно инертна.* (Зоран Михајлов).

Најголем број афоризми (вкупно 15) содржат негативна референтна вредност.

4. ЗАМЕНКИТЕ *ШТО, НЕШТО, НИШТО, СЕШТО* ВО ВИЦЕВИ

§ 12. Во нашиот корпус евидентиравме голем број на вицеви со горните заменки. Тука приведуваме по четири вица со секоја од четирите заменки:

(247) (виц.) (-) *Се сретнале двајца пријатели и разговараат: – **Што** има ново? рекол првиот. – Разбрав дека жена ми ме изневерува!! – Прашав **што** има ново?*;

(248) (виц.) (-) *Трпана го прашува малиот Трпе: – Сине, како помина на тестот по математика? – Добро. – **Што** ќе добиеш? – Најверојатно неправдан.*;

(249) (виц.) (-) *Малиот Трпе се враќа дома после првиот школски ден. – Сине бе, **што** си се скиселил толку? – Ми кажаа и утре да дојдам во школо.*;

(250) (виц.) (-) *Трпе му се жали на пријателот: – Знаеш **што**, мојава жена секој ден оди од кафана у кафана. - **Што** бе, да не пие? – Не, ме бара мене!*

****

(251) (виц.) (-) – *Мамо, дај ми пари сакам да си купам **нешто**! – А какви сакаш, сакаш железни или книжни? – Па, може железни, но да не ги загубам, завиткај ги во книжни.*;

(252) (виц.) (-) – *Каде е пајагалот? – вика мајката на Тони, барајќи го во ситe соби од куќата. – Не знам мамо, но мачката пред пет минути, **нешто** зборуваше.*;

(253) (виц.) (-) – *Дали научи **нешто** во училиште? – го прашуваат малечкиот Тони. - **Ништо** не научив, ќе морам утре пак да одам.*;

(254) (виц.) (-) *Разговараат два вируса: – **Што** ти е? **Нешто** си ми болникав?... – Точно, изгледа фатив антибиотици.*;

****

(255) (виц.) (-) *Гиго: Ајде да одиме во лов на еребици. Цветко: – Баш си луд. Па немаме пушки. Гиго: – Не ни требаат. Купив дресирано куче-птичар. И отишле. Цел ден ловеле и **ништо** не уловиле. На крај Цветко изнервирано рекол: – Или ова не е куче-птичар или ние ниско го фрламе.* (Митревски: Македонски вицеви);

(256) (виц.) (-) *Учителката на училиште го кара малиот Трпе: – Ти си срам за овој клас. Јас на твои години веќе знаев да читам и да пишувам, а ти за **ништо** не си способен. Трпе на тоа ѝ одговара: – Гледате, Вие сте имале добра учителка.* (Најдобрите вицови на Окно во 2017).;

(257) (виц.) (-) *Фатиле тројца златна рибка и таа рекла дека ќе им исполни по една желба ако ја пуштат и тие се согласиле: Првиот – Јас сакам да имам најубава куќа полна само со жени. Вториот – Јас сакам да имам најубава кола и во неа само жени да возам. Третиот – Е јас сакам овие двајца **ништо** да немаат...* (https://-www.vicoteka.mk/).;

(258) (виц.) (+) *Кога децата имале писмена работа на тема: „Кога би бил директор" сите пишувале, само Перо* ***ништо*** *не пишувал. Наставникот го прашал: – Зошто не пишуваш? – Ја чекам секретарката.* (Војче Китаноски: Антологија на 500 најубави вицови за деца).

****

(259) (виц.) (-) *Двајца браќа отвориле продавница на 2 ката. – На вратата пишувало имаме сè и* ***сешто****. – И некој мајтапчија влегол и побарал 3 кила* ***ништо****. –Продавачот му рекол оди горе кај брат ми. – отишол горе и побарал 3 кила* ***ништо****. –Продавачот изгасил светло и го прашал – гледаш* ***нешто****? - Тој рекол* ***ништо****. – Продавачот му рекол – ај земај 3 кила и да те нема.*;

(260) (виц.) (-) *Синот го прашува таткото: – Тато, тато кој ме донел на свет мене? Штркот сине... – Еее тато и ти* ***сешто*** *си ебел.*;

(261) (виц.) (-) *Се вратил Трпе од Париз и Цветко го прашува како си поминал: – Супер, никогаш подобро, треба и ти да одиш, многу е добро ќе видиш има сè и* ***сешто****. – А како го совлада јазикот? – Абе лесно е, после секоја реченица само ќе додадеш ЛА. По извесно време Цветко отишол во Париз, се шетал, се шетал и отишол во ресторан да јаде: – Дајте ми една Ла Супа, и Ла Кока кола. Келнерот му носи супа и кока кола и му вика: – Ти би изел Ла Гомна, да не бев Македонец и да не знаев македонски.*

(262) (виц.) (+) *Некој поп имал пајагал што го сакал многу. Каде и да одел, секогаш го носел со себе, му купувал сè и* ***сешто****, а во црквата местото му било покрај олтарот. Еднаш попот морал да оди по некоја итна работа, па го оставил пајагалот дома. Кога се вратил – **што** да види: пајагалот ги изебал сите кокошки на соседот. За таквиот тежок грев попот му ја ишишал главата и го ставил покрај влезната врата на црквата да служи. Додека верниците влегувале во црквата, пајагалот морал да повторува: – Мажите десно, жените лево, а децата во средина. Така било пред секоја миса, сè додека пред вратата не се појавил некој целосно ќелав човек. Тогаш пајагалот гракнал: – Мажите десно, жените лево, децата во средина, а ти ќелавко **што** си дупел кокошки, застани тука покрај мене!*

Групата на вицеви со заменките *што, нешто, ништо, сешто* брои вкупно 16 единици, меѓу кои има најмногу единици со негативна референтна вредност (вкупно 14 вицеви), додека со позитивна референтна вредност се вкупно 2 вица.

ЗАКЛУЧОК

Истражувањето што го спроведовме за употребата на заменките *што, нешто, ништо, сешто*, во четири видови на комуникативни единици во македонскиот јазик (интерактивни единици, пословици, афоризми и вицеви), нè доведе до следните заклучоци:

- Проучивме вкупно **262** комуникативна единица: **214** интерактивни единици, **16** пословици, **16** афоризми и **16** вицеви. Сите четири заменки земени заедно се присутни со одреден број јавувања во секоја од четирите комуникативни единици од нашиот корпус. Најбројни се единиците со заменката *што,* потоа следуваат единиците со заменката *ништо,* па единиците со заменката *нешто* и на крај доаѓаат единиците со заменката *сешто*;
- Од сите единици, најбројна е групата на интерактивни единици која содржи **214** единици. Нагласуваме дека нивното бројно присуство во нашиот труд се должи на фактот што овие единици досега биле бележени само спорадично и тоа најчесто како фрази/фразеологизми или како пословици.
- Употребата на заменката *што* се јавува честопати во говорни интеракции во второ лице еднина, и при тоа таа се одликува со висок интензитет на искажување на негативен однос кон соговорникот.
- Во вкупниот број од 262 комуникативни единици, распределбата на единиците според вредносната оцена е следната: најбројни се комуникативните единици кои содржат негативна референтна и/или интеркомуникативна вредност (вкупно **163** единици), потоа следуваат единиците со позитивна референтна и/или интеркомуникативна вредност (вкупно **60** единици) и на крај доаѓаат комуникативните единици кои содржат неодредена референтна вредност (вкупно **39** единици).

- Најголем број на заменки во една единица (вкупно три) среќаваме во вицот предаден под број 259.

Користена литература

Минова-Ѓуркова, Лилјана. 1994. *Синтакса на македонскиот стандарден јазик*, Скопје: Радинг, 313 стр.

Никодиновска, Дијана. 2016. ДОБРОТО *и* ЛОШОТО *како вредносни категории во пословиците во италијанскиот, во јапонскиот и во македонскиот јазик,* Скопје: БороГрафика, 319 стр.

Никодиновски, Звонко. 2007 (2016). *Семиологија на говорот и на јазикот*, Штип: 2-ри Август С, 403 стр.

Никодиновски, Звонко. 2011. „За една семиолошка метода во семантичките истражувања – конституирање, принципи и аспекти“, *Годишен зборник,* Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“, кн. 37, 119–131.

Никодиновски, Звонко. 2016. „Семиолошката семантика како теориска рамка за проучување на единиците од фраземското и од комуникативното рамниште“, *Зборот збор отвора* (ед. Билјана Мирчевска-Бошева), Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“, 213–227.

Никодиновски, Звонко. 2025. „Комуникативни единици со заменките *кој*, *некој*, *никој*, *секој* во македонскиот јазик“, *51. Меѓународна научна конференција*, Скопје: Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, 2025. (во печат)

Извори за интерактивни единици и за пословици

Величковски, Боне. 2006: *Македонски пословици и поговорки*. Скопје: Институт за фолклор „Марко Цепенков“, 298 стр.

Велковска, Снежана. 2008: *Македонска фразеологија со мал фразеолошки речник*, Скопје, 375 стр.

Георгиевски, Драган. 2011: *Дека л'жата вечерала, тој не ос'мнуе. Кратовски народни пословици и поговорки Книга 2*, 126 стр.

Дигитален речник на македонскиот јазик <http://drmj.eu/> (пристапено на: 26.2.2025).

Димитровски, Тодор, Ширилов, Ташко. 2003: *Фразеолошки речник на македонскиот јазик. Том први*. Скопје: Огледало, 433 стр.

Foulon-Hristova, Jordanka. 2010: *Proverbes, dictons, comparaisons stéréotypées de Macédoine*, 516 стр.

Јакимовска, Илина. 2004: *Амбар на душата: етичкото во поговорките*, (Пословици според собирачот Илија Китановски предадени во табели, стр. 139–202)

Јовановски, Апостол Поп. 2009: *5000 македонски мудрости, поговорки, изрази*, 210 стр.

Каваев, Филип. 1961: *Народни пословици и гатанки од Струга и Струшко*. Скопје: Институт за македонски јазик, 189 стр.

Китевски, Марко. 1988: *Фолклорни бисери*, Македонска книга, Скопје, 277 стр.

Китевски, Марко. 2006: *Македонски народни умотворби*, 247 стр.

Котев, Иван. 2012: *Мудроста на вековите. Македонски народни пословици и поговорки од Струмица и струмичко*, 511 стр.

Јанкула, Крисанта. 2009: *Поезија и проза од мојот крај* (Пословици, поговорки и изреки, стр. 38–86)

Мазнику, Цветан - Цфарку, Вељо С. 2009: *Голобордски фолкллор 1 - Поословици и поговорки*, 193 стр.

Македонски народни умотворби. Том IV, книга 1: Пословици, (во редакција на Х. Поленаковиќ & К. Пенушлиски). 1954. Скопје: Кочо Рацин, 302 стр.

Macedonian Proverbs. Македонски пословици и поговорки - by George Mitrevski <http://www.pelister.org/folklore/proverbs/index.php> (пристапено на: 26.2.2025)

Мургоски, Зозе. 2011: *Толковен речник на македонски јазик*, Скопје, 1487 стр. <https://zoze.mk/> (пристапено на: 26.2.2025).

Пенушлиски, Кирил. 1969: *Пословици и Гатанки*. Скопје: Македонска книга, 259 стр.

Пенушлиски, Кирил. 1980: *Малеш и Пијанец* (Пословици, стр. 309–379)

Прилепчански, Венко. 2007: *Пословици, благослови, клетви и изрази од Штип и Штипско,* 297 стр.

Речник на македонскиот јазик (со српскохрватски толкувања) I-III 1961–1966, (редактор: Б. Конески, составувачи: Т. Димитровски, Б. Корубин, Т. Стаматоски), Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков", Скопје.

Теохаров, Ахил Николов. 2001: *Малешевски народни пословици и поговорки,* 71 стр.

Толковен речник на македонскиот јазик I-VI 2003–2014, (редактор: К. Конески), Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков", Скопје, 637+675+613+680+ 623+571 стр. (електронската верзија се наоѓа на адресата: <https://makedonski.gov.mk/>) (пристапено на: 26.2.2025).

Збор или фраза што често ја употребувате <https://forum.femina.mk/threads/Збор-или-фраза-што-често-ја-употребувате.3071/> (пристапено на: 5.3.2025)

Цветковски, Радован П. 1993: *Македонски народни пословици,* 102 стр.

Цепенков, Марко К. 1972: *Македонски народни умотворби. Книга осма: Пословици. Поговорки, Гатанки, клетви и благослови,* (редактирал: Т. Саздов). Скопје: Македонска книга, 343 стр.

Шапкарев, Кузман А. 1989: *Одбрани страници,* (приредил: М. Китевски). Скопје: НИО „Студентски збор", 237 стр.

Ширилов, Ташко. 2008: *Фразеолошки речник на македонскиот јазик*. Том втори. Скопје: Огледало, 435 стр.

Ширилов, Ташко. 2009: *Фразеолошки речник на .македонскиот јазик*. Том трети, Скопје: Огледало, 478 стр.

Извори за афоризми

Гашев, Ефтим. 2008: *Аритмија: сатирични афоризми*, Скопје: авторско самоиздание, 144 стр..

Гашев, Ефтим 2011: *Сончогледи - афоризми*, 147 стр.

Филчевски, Ристо, Устапетров, Костадин, Панов, Ѓорѓи. 2010: *Пополнета празнина, - афоризми*, 129 стр.

Карадак, Иван. 1987: *Од врвот на јазикот*, 92 стр.

Карадак, Иван. 2008: *Мисли без протокол*, 306 стр.

Карадак, Иван. 2014: *Мисли со боцки*, 171 стр.

Киселиновски, Стојан. 1993: *Афоризми*, 63 стр.

Крлевски, Атанас. 2009: *Крлевизми - афоризми*, 127 стр.

Михајлов, Зоран. 2004: *Анимална анимација (афоризми и хуморески)*, 126 стр.

Михајлов, Зоран. 2006: *Мисловник* (*афоризми*), 239 стр.

Михајлов, Зоран. 2007: *Мали сказни, не баш мазни - афоризми*, 127 стр.

Низ сито и решето - етноафоризми 2022, 83 стр.

Павлов, Живко. 2000: *Македонска поетска пародијада*, стр. 77–160.

Перински, Бошко. 1994: *На Бош*, 87 стр.

Полазаревски, Ванчо. 1987: *Па што. Скриптиз*, 53 стр.

Толевски, Васил. 2006: *Музика за глуви*, 84 стр.

Толевски, Васил. 2007: *Исусе, Луцифер не вика (на македонски и српски)*, 166 стр.

Толевски, Васил. 2013: *Библија за неверници*, Скопје: Макформ,.

Толевски, Васил. 2013: *Врели мразови - антологија на македонскиот афоризам*, 14 стр.

Толевски, Васил. 2014: *Маде ин Мацедониа*, Скопје: Макформ.

Толевски, Васил. 2017: *Исусовите антихристи (македонски и англиски)*, 351 стр.

Урдин, Киро. 2002: *Планетаризми*, 134 стр.

Извори за вицеви

<https://forum.femina.mk/threads/Вицови.82/> (пристапено на: 24.2.2025)

<http://forum.idividi.com.mk/forum_topics.asp?FID=31> (пристапено на: 24.2.2025)

<https://www.motika.com.mk/vicovi/> (пристапено на: 24.2.2025)

<https://okno.mk/vic> (пристапено на: 24.2.2025)

<http://www.pelister.org/folklore/humor/humor.php> (Митревски Георге: Македонски вицеви) (пристапено на: 24.2.2025)

<https://puls24.mk/zanimlivosti/vicoteka/> (пристапено на: 24.2.2025)

<https://www.vicoteka.mk/> (пристапено на: 24.2.2025)

LES UNITÉS COMMUNICATIVES AVEC LES PRONOMS *ШТО, НЕШТО, НИШТО, СЕШТО* DANS LA LANGUE MACÉDONIENNE

RÉSUMÉ: L'étude porte sur l'analyse de l'utilisation des pronoms *што, нешто, ништо, сешто* dans quatre unités communicatives de la langue macédonienne. Le corpus est constitué d'unités communicatives prélevées dans des ouvrages sur papier ou électroniques. Sont analysées 262 unités communicatives, parmi lesquelles 214 unités interactives, 16 proverbes, 16 mots d'esprit et 16 histoires drôles. Les quatre pronoms y sont présents: le plus fréquent est le pronom *што*, viennent ensuite les pronoms *ништо, нешто* et *сешто*, en dernier. Le groupe le plus nombreux est représenté par les unités interactives (214 unités). Il faut dire que la grande quantité d'unités interactives présente dans cette étude est due au fait que ces unités n'ont été jamais étudiées en tant que groupe. L'emploi du pronom *што* apparaît souvent dans des unités interactives à la deuxième personne du singulier et il y contribue dans l'expression du haut degré d'attitude négative du locuteur envers l'interlocuteur. La distribution de la valeur référentielle et/ou intercommunicative dans les unités communicatives de cette étude offre la situation suivante: la première place – au nombre de 163, est occupée par les unités communicatives à valeur référentielle négative, à la deuxième place se trouve la valeur référentielle positive avec 60 unités et en dernier lieu viennent les unités – au nombre de 39, à valeur référentielle indéterminée. Un certain nombre d'unités contiennent deux ou trois pronoms à la fois. L'unité avec le plus grand nombre de pronoms est l'histoire drôle citée dans l'exemple n. 260.

MOTS-CLÉS: unités communicatives, pronoms *што, нешто, ништо, сешто*, langue macédonienne, analyse sémiologico-sémantique.